Стерилизацијата на женските и кастрацијата на машките животни се врши после детален клинички преглед. Сите животни кои по мислење на ветеринарот, ги исполнуваат критериумите за операција се оперираат - стерилизираат.

По завршената операција, оперираните животни се сместуваат во болничкото одделение каде што престојуваат до зараснување на оперативната рана. Во постоперативниот период животните се сместуваат во наменските кафези, односно боксови, се врши редовно хранење и се под постојан надзор од соодветни стручни лица. Боксовите во стационарот редовно се чистат, се врши дезинфекција и дезинсекција, а по потреба и соодветна дератизација на целиот простор на прифатилиштето.

Непосредно пред напуштање на прифатилиштето над животните се врши вакцинација против беснило и дехелментизација. Животните обележани со ушна маркица, се враќаат на истата локација каде што претходно биле заловени.

## 4.4.Еутаназија

Еутаназија - е во целост неефикасен метод за контрола и решавање на проблемот на напуштените животни на долгорочно ниво, и е препорачано од страна на Светската здравствена организација може да се спроведе **само и исклучиво како хумана еутаназија на болни животни, кои се смртно болни или повредени - во терминален стадиум на болест или повреда; кога состојбата е неизлечлива, и кога е невозможно да се елиминира болка**. Во тој контекст, а во рамки на оваа Програма еутаназијата смее да се изведе само како последна опција во случаи кога не постои друг начин на едно животно да му се помогне или кога нема никој заинтересиран да го превземе понатамошното лекување на многу болно животно; како и во случаи кога станува збор за екстремно агресивно животно за кое нема можност за ресоцијализација. Одлуката за извршување еутаназија може да ја донесе само ветеринарно лице, при комисиско оправдување на одлуката од 3 ветеринарни лица. Неопходна е детална аргументација на ваквиот чекор во регистарот на еутаназирани животни.

Еутаназираните животни се отстрануваат на еден од законските пропишани начини и се закопуваат во специјално изградени гробни јами.

## 4.5.Посвојување и вдомување

Посвојување и вдомување е најхуман начин за згрижување на напуштените кучиња. Сите животни кои се вдомуваат, се вакцинирани, и стерилизирани и имаат микрочип.

Со цел да се олесни и промовира вдомувањето на бездомните животни, прифатилиштата треба да соработуваат со здруженијата за заштита на животни како и заинтересираните граѓани.

Задолжително е редовно фотографирање на сите животни и нивно објавување на наменски отворени веб портали, се со цел да биде олеснет и поттикнат процесот на вдомување миленик.